## вести-информации

### СИМПОЗИУМ НА ТЕМА: „РАСТРОЈСТВА ОД АУТИСТИЧНИОТ СПЕКТАР – ДИЈАГНОСТИКА, РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ПРЕВЕНЦИЈА“

*Ангела* ЧИНГОСКА

Филозофски факултет
Институт за дефектологија
студент од IV година

Примено:30.04.2011
Прифатено: 15.05.2011
UDK: 616.89-053.4(062)(049.3)

За прв пат оваа година на 13 април 2011 година, во амфитеатарот на Медицинскиот факултет, во организација на Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје, во соработка со Здружението на психијатри на Република Македонија, Македонското научно здружение за аутизам – МНЗА и Медицинскиот факултет во Скопје, беше одржан симпозиум на тема „Растројства од аутистичниот спектар – дијагностика, рана интервенција и превенција“ кој се надоврзува на одбележувањето на Светскиот ден на аутизмот.
Симпозиумот беше отворен од страна на проф. д-р Марија Ралева која ги поздрави присутните и даде краток осврт за растројствата од аутистичен спектар, што воедно беше и повод за организирањето на Симпозиумот. Покрај тоа проф. д-р Ралева на присутните им го презентираше својот труд со наслов „Растројства од аутистичниот спектар – дијагностички можности“, по што следеше презентацијата од страна на д-р Камка Пакетчиева под наслов „Растројства од аутистичен спектар наспроти рани детски психози“. Свој труд со наслов „Идентификација, дијагностика и рани интервенции кај аутизмот во Р. Македонија“ изнесе и прим. д-р Мери Бошковска. Особен придонес за збогатување на знаењата за аутизмот даде и рефератот на проф. д-р

Адреса за кореспонденција:
*Ангела ЧИНГОСКА*
Ул. „Кеј 13 Ноември“ 5/15,
1000 Скопје, Република Македонија
E-mail: cingo_angela@yahoo.com

## news and information

### Symposium with the topic: “AUTISM SPECTRUM DISORDERS – DIAGNOSTICS, EARLY INTERVENTION AND PREVENTION”

*Angela CHINGOSKA*

Faculty of Philosophy
Institute of Special Education –
student of fourth year

Received: 30.04.2011
Accepted: 15.06.2011

This year for the first time on 13 of april 2011 in the amphitheatre of the Medical Faculty, in organization by the University Clinic for Psychiatry in Skopje and in collaboration with the Association of Psychiatrists of the Republic of Macedonia, the Macedonian Scientific Association for Autism – MSAA and the Medical Faculty of Skopje, it was held a symposium with the topic “Autism spectrum disorders – diagnostics, early intervention and prevention”. This symposium followed the celebration of the Word Day of Autism.
The symposium was officially opened by Prof. Dr. Marija Raleva, who saluted the guests and briefly explained the nature of the autistic disorders which were the major motivation for organizing a conference of this kind. Along, Prof. Dr. Raleva also presented her work with the title “Autism Spectrum Disorders – diagnostic possibilities”, followed by another presentation from Dr. Kamka Paketchieva with the title “Autism Spectrum Disorders against Early Child Psychosis”. After, the article “Autism Identification, Diagnostics and Early Interventions in the Republic of Macedonia” was presented by Prim. Dr. Meri Boshkovska. Exceptional contribution to enrichment of the knowledge made the article titled “Prevention

Corresponding Address:
*Angela CHINGOSKA*
Kay 13 Noemvri 5/15,
1000 Skopje, Republic of Macedonia
E-mail: cingo_angela@yahoo.com

Владимир Трајковски под наслов „Превенција на аутизмот", по што следеше видео презентација на „Интервју за дијагностика на аутизмот" – ADI-R. На крај овој симпозиум заврши со дискусија на која и аудиториумот го даде своето мислење, поставувајќи прашања и искажувајќи благодарност за поканата и новостекнатите знаења за развојните растројства кои беа изнесени на симпозиумот.

Симпозиумот беше сертифициран од страна на Лекарската комора на Република Македонија, така што присутните доктори, професори, магистри, дефектолози и другите стручни лица, имаа чест да добијат сертификат за присуство на овој симпозиум, кој придонесе за збогатување на нивните знаења и искуства.

from Autism" written by Prof. Dr. Vladimir Trajkovski. Further, followed a video presentation of the "Interview for Autism Diagnostics" – ADI-R. The symposium ended with a discussion, during which the audience had an opportunity to make statements, to ask questions and express appreciation for the new knowledge gained regarding the developmental disorders discussed.

The symposium was certificated by the Doctor's Chamber of the Republic of Macedonia and the doctors, professors, masters, special educators and other experts who have participated had a chance to receive a certificate for their presence at the symposium that contributed for enrichment of their knowledge and experience.